# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 октомври 2007 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Почитувани колеги, пред да ја отворам седницата ве повикувам со едно минутно молчеме да му оддадеме почит на починатиот пратеник во Собранието на Република Македонија Шабан Превала.

Господа пратеници, ја отворам 73-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Јани Макрадули, Стојан Андов, Бесим Догани, Абдуладри Весели, Тито Петковски, Фијат Цаноски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи притиснале само 50 колеги пратеници, би ги замолил службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

На седницата присуствуваат 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Оваа седница ја свикав заради разгледување на Предлогот на одлуката за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите за настаните во Собранието на Република Македонија случени на 25 септември 2007 година и одговорноста на учесниците во тие настани.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, сите 63 гласале за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следнот дневен ред:

1. Предлогот на одлуката за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите за настаните во Собранието на Република Македонија случени на 25 септември 2007 година и одговорноста на учесниците во тие настани.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, сите 67 гласале за, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлогот на одлуката за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите за настаните во Собранието на Република Македонија случени на 25 септември 2007 година и одговорноста на учесниците во тие настани**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, сите 70 гласале за, нема воздржано, нема против.

Констатриам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите за настаните во Собранието на Република Македонија случени на 25 септември 2007 година и одговорноста на учесниците во тие настани.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 73-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Објавувам пауза од 10 минути технички да се пререгистрираме.

(Седницата заврши со работа во 11,16 часот)